Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66/2013 од 09.05.2013 година), како и членовите 31, 34, 37, 38, 39 и 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр.13/98 и 21/09), на седницата одржана на ден 27.11.2019 година, донесе:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Судија кој учествувал како член на Кривичен совет во жалбена постапка против решение на советот за оценка на обвинителен акт во смисла на член 328 став 2 од Законот за кривичната постапка, кога приговорот поднесен против обвинителниот акт е отфрлен како ненавремен, или недозволен, може да биде член на совет и мериторно да одлучува по изјавена жалба во второстепениот суд против првостепената пресуда за главната работа.**

## О б р а з л о ж е н и е

Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија одржа седници на ден 25.09.2019 година, на ден 02.10.2019 година и на ден 07.11.2019 година, на кои расправаше по поднесеното барање на Апелациониот суд Скопје, за донесување правно мислење за примена на основите за изземање на судија согласно член 33 став 1 точка 4 и 5 од Законот за кривичната постапка, по однос на прашањето: Дали судија може да учествува во жалбена постапка против пресуда на првостепениот суд, ако претходно учествувал како член на Кривичен совет за оценка на обвинителниот акт во смисла на член 328 од ЗКП, кога приговорот поднесен против обвинителниот акт е отфрлен како ненавремен, или недозволен, а одлуката е потврдена од страна на второстепениот суд?

Овој суд при расправата по ова правно прашање, ги имаше во предвид и ги ценеше пресудите и изразените правни стојалишта во пресудите: Кзз.бр.41/16 од 19.06.2017 година, Вкж2.бр.13/19 од 23.05.2019 година и Квп.бр.204/2008 од 23.09.2008 година.

Исто така, при постапувањето Одделот за казниви дела ја имаше во предвид и ја ценеше судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Имено, ЕСЧП зазема стојалиште дека не може да настане проблем со недостатокот на непристрасност кога некој судија учествувал во донесувањето на чисто формални и процедурални одлуки во другите фази на постапката; меѓутоа, проблеми со непристрасноста можат да настанат само ако во другите фази на постапката некој судија веќе изразил мислење за вината на обвинетиот (*Гомез де Лијано и Ботеља против Шпанија (Gomez de Liano и Botella v. Spain)*, бр.21369/04, §§ 67-72, 22 јули 2008 година).

Во конкретниот случај, судијата не учествувал во мериторно испитување и оценка на обвинителниот акт на првостепениот суд, туку се впуштил само во разгледување на дозволеноста на приговорот поднесен против обвинителниот акт, што претставува дејствие која има единствено процесно-правен карактер. Решението со кое се отфрла приговорот како ненавремен, или недозволен претставува формална, процесна одлука со која не се одлучува мериторно за главната работа, а судијата кој постапувал како член на Кривичниот совет во жалбена постапка против решението на советот за оценка на обвинителниот акт не искажал свое мислење по однос на кривичната одговорност на обвинетиот, ниту за вината и умислата на обвинетиот за конкретниот кривично-правен настан. Во случајот, судијата ги испитува исклучиво процесно-правните аспекти на дозволеноста на обвинителниот акт, без да навлегува во негова оценка.

Оваа правна ситуација се разликува од ситуацијата кога судијата учествува во мериторно одлучување и оценување на обвинителниот акт, при што формира и сопствено мислење во насока на негово одбивање, или одобрување.

Од овие причини, Одделот за казниви дела на овој суд оценува дека судија кој учествувал како член на Кривичниот совет во жалбена постапка против решението на советот за оценка на обвинителниот акт во смисла на член 328 став 2 од ЗКП, кога приговорот поднесен против обвинителниот акт е отфрлен како ненавремен или недозволен, може да биде член на совет и да одлучува мериторно по изјавената жалба во второстепениот суд против првостепената пресуда за главната работа, со оглед дека тој судија претходно имал можност да одлучува исклучиво за прашања од процесно-правна природа, без притоа да формира став и мислење по однос на кривичната одговорност на обвинетиот за конкретниот кривично-правен настан.

Оттука, во случајот по ова правно прашање не постојат услови за изземање на судијата, согласно член 33 став 1 точка 4 и 5 од ЗКП, односно не постои никаква пречка од аспект на обезбедување на гаранциите и стандардите за непристрасно и фер судење инкорпорирани во соодветните одредби на ЗКП. Уште повеќе, ниту од аспект на членот 6 од Европската конвенција за човекови права не би можеле да се констатираат било какви пречки за постапување и одлучување на судијата на второстепениот суд, кој претходно учествувал како член на Кривичниот совет во жалбена постапка против решението на советот за оценка на обвинителниот акт во смисла на чл. 328 ст.2 од ЗКП, кога приговорот поднесен против обвинителниот акт е отфрлен како ненавремен, или недозволен.

Со оглед на горенаведеното, ова Правно мислење е во насока на решавање на правни прашања кои се однесуваат на толкување и примена на чл.33 ст.1 т.4 и 5 од ЗКП и воспоставување на воедначена судска пракса во исти и слични ситуации на судовите во иднина.

**ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**